# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА<br>ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА | О Х Р И Д<br>03.08.2005<br>БРОЈ 7 ГОДИНА 40 | |
|---|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за утврдување на висината на стапките на данокот на наследство и подарок | 2 |
| **2.** | Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор за паркирање на моторни возила | 3 |
| **3.** | Одлука за утврдување на висината на стапките на данок на промет на недвижности | 4 |
| **4.** | Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор пред деловни простории за вршење дејност | 5 |
| **5.** | Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за користење на музика во јавни локали | 6 |
| **6.** | Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории | 7 |
| **7.** | Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за користење на плоштадите и друг простор во градот и другите населени места | 8 |
| **8.** | Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба | 9 |
| **9.** | Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места | 10 |
| **10.** | Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли | 11 |
| **11.** | Одлука за формирање комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот | 13 |
| **12.** | Одлука за изменување на распоредот на средствата во Програмата М-1 детски градинки за 2005 година | 14 |
| **13.** | Програма за одбележување празници и манифестации и доделување на награди и признанија за 2005 година | 15 |
| **14.** | Одлука за донесување на ДУП за дел од 6-та УЕ, урбан модул 3 Охрид, 2004-2009 | 17 |
| **15.** | Одлука за донесување на ДУП за дел од ПЦГП Охрид урбан модул 1, 2004 - 2009 | 19 |
| **16.** | Одлука за донесување на измени и дополнувања на ГУП на град Охрид за дел од ЦГП урбан блок помеѓу улиците Туристичка, Партизанска, Македонски Просветители и Јане Сандански 2004 - 2014 | 20 |
| **17.** | Одлука за донесување на ДУП за 4-та УЕ МЗ Воска дел југ Охрид, 2002 -2007 | 22 |
| **18.** | Одлука за донесување на ДУП урбан блок 2 Пештани-Општина Охрид 2004-2009 | 24 |
| **19.** | Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти | 25 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на висината на стапките на данок на наследство и подарок, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/6**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.61/04), член 16 од Законот за даноците на имот (*Сл.весник на РМ* бр.61/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ДАНОКОТ НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат стапките на данок на наследство и подарок.

**Член 2**

Данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од 3%.

**Член 3**

Данокот на наследство и подарок за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот, се пресметува по стапка од 4%.

**Член 4**

Обврзник на данокот на наследство и подарок е физичко и правно лице - резидент на Република Македонија кое наследува имот, како и физичко и правно лице кое прима имот на подарок, во земјата и во странство.

Обврзник на данокот на наследство и подарок е и странско физичко и правно лице - нерезидент за недвижниот и подвижниот имот што го наследува, односно прима на подарок на територијата на Република Македонија.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/6**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор за паркирање на моторни возила, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/2**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.61/04), член 2 од Законот за комунални такси (*Сл.весник на РМ* бр.61/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналната такса за користење на просторот за паркирање на моторни возила.

**Член 2**

Висината на комуналната такса за паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта изнесува 30,00 денари дневно или 20,00 денари по час.

**Член 3**

Висината на комуналната такса за паркирање на товарни моторни возила и автобуси изнесува 100,00 денари дневно.

**Член 4**

Висината на комуналната такса за паркирање на приколки изнесува 50,00 денари дневно.

**Член 5**

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице кои користат јавен простор за паркирање на моторни возила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/2**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на висината на данокот на промет на недвижности, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/8**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.61/04), член 16 од Законот за даноците на имот (*Сл.весник на РМ* бр.61/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува стапката на данок на промет на недвижности.

**Член 2**

Данокот на промет на недвижности се пресметува по стапка од 3%.

**Член 3**

Обврзник на данокот на промет на недвижности е правно и физичко лице - продавач на недвижноста.

По исклучок од ставот 1 на овој член, обврзник на данокот на промет на недвижности може да биде правно и физичко лице - купувач на недвижноста, доколку во договорот за купопродажба на недвижноста е договорено данокот да го плати купувачот.

При замена на недвижноста даночен обврзник е учесникот во замената кој дава во замена недвижност од поголема вредност.

Ако се пренесува идеален дел на сопственост на недвижноста, даночен обврзник е секој сопственик посебно.

Ако правото на сопственост на недвижноста се пренесува врз основа на договор за доживотно издржување, даночен обврзник е примателот на недвижноста, односно неговите наследници.

При продажба на недвижност во стечајна и извршна постапка, како и при реализација на договори за хипотека, даночен обврзник може да биде и купувачот на недвижноста.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/8**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР ПРЕД ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор пред деловни простории за вршење дејност, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/9**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.61/04), член 2 од Законот за комунални такси (*Сл.весник на РМ* бр.61/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ ПРЕД ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналната такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење дејност.

**Член 2**

Висината на комуналната такса изнесува 15,00 денари од м2 дневно.

**Член 3**

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице кои користат простор пред деловни простори за вршење дејност.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/9**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА МУЗИКА ВО ЈАВНИ ЛОКАЛИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на музика во јавни локали, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/10**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.61/04), член 2 од Законот за комунални такси (*Сл.весник на РМ* бр.61/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА МУЗИКА ВО ЈАВНИ ЛОКАЛИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналната такса за користење на музика во јавни локали.

**Член 2**

Висината на комуналната такса изнесува 6.700,00 денари годишно.

**Член 3**

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице кои користат музика во јавни локали.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/10**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВИТРИНИ ЗА ИЗЛОЖУВАЊЕ НА СТОКИ НАДВОР ОД ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/5**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.61/04), член 2 од Законот за комунални такси (*Сл.весник на РМ* бр.61/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВИТРИНИ ЗА ИЗЛОЖУВАЊЕ НА СТОКИ НАДВОР ОД ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналната такса за поставување на витрини за изложување стоки надвор од деловните простории.

**Член 2**

Висината на комуналната такса за физички лица кои вршат дејност изнесува 1.300,00 денари годишно.

**Член 3**

Висината на комуналната такса за правните лица од областа на производството, прометот и услугите изнесува 2.700,00 денари годишно.

**Член 4**

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице кои поставуваат витрини за изложување стоки надвор од деловните простории.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/5**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПЛОШТАДИТЕ И ДРУГ ПРОСТОР ВО ГРАДОТ И ДРУГИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на плоштадите и друг простор во градот и другите населени места, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/7**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.61/04), член 2 од Законот за комунални такси (*Сл.весник на РМ* бр.61/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПЛОШТАДИТЕ И ДРУГ ПРОСТОР ВО ГРАДОТ И ДРУГИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналната такса за користење на плоштадите и друг простор во градот и другите населени места со цел изложување на предмети, преиредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност.

**Член 2**

Висината на комуналната такса изнесува 7,00 денари по м2 дневно за заземена површина.

**Член 3**

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице кое користи плоштад и друг простор во градот и другите населени со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење дејност.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/7**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРШИНИ ВО КАМПОВИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА ШАТОРИ И ДРУГА СЛИЧНА ПРИВРЕМЕНА УПОТРЕБА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/4**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.61/04), член 2 од Законот за комунални такси (*Сл.весник на РМ* бр.61/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРШИНИ ВО КАМПОВИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА ШАТОРИ И ДРУГА СЛИЧНА ПРИВРЕМЕНА УПОТРЕБА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналната такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба.

**Член 2**

Висината на комуналната такса изнесува 40,00 денари дневно.

**Член 3**

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице корисник на површини во кампови, за подигање шатори и друга слична привремена употреба.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/4**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ИСТАКНУВАЊЕ НА РЕКЛАМИ, ОБЈАВИ И ОГЛАСИ НА ЈАВНИ МЕСТА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за истакнување реклами, објави и огласи на јавни места, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/1**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.61/04), член 2 од Законот за комунални такси (*Сл.весник на РМ* бр.61/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ИСТАКНУВАЊЕ НА РЕКЛАМИ, ОБЈАВИ И ОГЛАСИ НА ЈАВНИ МЕСТА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места.

**Член 2**

Висината на комуналната такса изнесува и тоа:

- до 7 дена 800,00 денари;
- до 30 дена 1.300,00 денари;
- до 1 година 1.600,00 денари.

**Член 3**

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице кое истакнува реклами, објави и огласи на јавни места.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/1**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УЛИЦИТЕ СО ПАТНИЧКИ, ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА, АВТОБУСИ, СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА И МОТОРЦИКЛИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/3**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.61/04), член 2 од Законот за комунални такси (*Сл.весник на РМ* бр.61/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УЛИЦИТЕ СОПАТНИЧКИ, ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА, АВТОБУСИ, СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА И МОТОРЦИКЛИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли.

**Член 2**

Висината на комуналната такса при регистрација на возила изнесува:
- за патнички возила до 1000 кубика 70,00 денари;
- за патнички возила од 1000 до 1300 кубика 100,00 денари;
- за патнички возила од 1300 до 1500 кубика 130,00 денари;
- за патнички возила од 1500 до 1800 кубика 400,00 денари;
- за патнички возила над 1800 кубика 600,00 денари;
- за товарни возила по тон носивост 130,00 денари;
- за автобуси и други возила што служат за превоз на патници 700,00 денари;
- за специјални возила 70,00 денари;
- за сите видови моторцикли 70,00 денари.

**Член 3**

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице кои користат улици со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/3**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за формирање комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/11**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), член 5 од Законот за даноците на имот (*Сл.весник на РМ* бр.61/04), член 16 и 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

**Член 2**

Комисијата ќе работи во состав од претседател, два члена и нивни заменици.

**Член 3**

Комисијата има за задача по службена должност по поднесени барања од физички и правни лица да ја утврдува пазарната вредност на недвижниот имот како даночна основа за пресметување на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности, согласно одредбите од членовите 5, 13 и 21 од Законот за даноците на имот (*Сл.весник на РМ* бр.61/04).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/11**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВА ВО ПРОГРАМАТА М-1 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ЗА 2005 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување на распоредот на средства во Програмата М-1 детски градинки за 2005 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/12**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 5 став 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2005 година (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/05) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВА ВО ПРОГРАМАТА М-1 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ЗА 2005 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Буџетот на Општината Охрид за 2005 година, расходен дел, програма М1 - Детски градинки, во делот на наменските дотации, се вршат следните измени на распоредот на средствата:

А/ Се врши целосно укинување на следните позиции, за износ од 590.000,00 денари

1. потставка 421110 - Електрична енергија, потставка 421120 - Водовод и канализација, потставка 421130 - Ѓубретарина, потставка 423320 - Телефон и телефакс, потставка 423110 - Канцелариски материјали, потставка 423220 - Списанија и весници, потставка 423710 - средства за одржување на хигиена, 423720 - Ситен инвентар, алат и други, 424210 - Одржување на згради и 424430 - Поправки и одржување на опрема.

Б/ Се врши намалување на следните позиции, за износ од 212.914,00 денари

1. Потставка 421240 - Течни горива, износот 1.185.530,00 денари, се заменува со износ од 972.616,00 денари.

В/ Се врши зголемување на следните позиции во износ од 802.914,00 денари

1. Потставка 425990 - Други договорни услуги, се додава во износ од 802.914,00 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/12**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија за 2005 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**03.08.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 29.07.2005 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**За одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија за 2005 год.**

За поуспешно програмирање, навремено организирање и обезбедување на материјални и финансиски средства, како и запознавање на учесниците и носителите на активностите, и нивно квалитетно реализирање што претставува задача и традиција кој што доликува на организаторите, се донесе Програма.

Во оваа Програма се забележани активностите, носителите на активностите, местото и времето на одржување на активностите, учесниците и организаторите.

Раководејќи се од значењето на одредени годишнини, настани, празници, манифестации и други активности, во текот на 2005 година како позначајни ќе се одбележат активностите според следниот календар:

| Реден број | Активност | Место и време | Организатор |
|---|---|---|---|
| 1. | Дочек на Стара Нова Година | 13 јануари - Градски плоштад | -Локална самоуправа |
| 2. | Прличеви беседи | 5 февруари, Охрид | - Дом на култура<br>- Градска библиотека<br>-О.У.„Гр.Прличев„ |
| 3. | Светски ден на заштита на водите | 22 март, Охрид | - МЈП Проаква<br>- Еколошки друштва<br>- Проект на ЗОЕ |
| 4. | Годишнина на Методи Патчев | 7 април, Охрид | - Музичко училиште |
| 5. | Патронен празник на Христо Узунов | 24 април, Цер | - Локална Самоуправа<br>- О.У.„Христо Узунов„<br>- Другово - Кичевско |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Ден на службата за безбедност | 7 мај, Охрид | - Локална самоуправа<br>- УВР Охрид |
| 7. | Ден на просветните работници | 24 мај, Охрид (Споменик на Св.Кирил и Методиј) | - Локална самоуправа<br>- Просветни работници |
| 8. | Ден на екологијата | 5 јуни, Охрид | - Локална самоуправа<br>- Основни и средни училишта |
| 9. | Формирање на Првата македонска бригада - Локов (Малесија) | 8 јуни | - Сојуз на борци |
| 10. | Меѓународен пливачки маратон | 19 јуни, Охрид | - Комитет на пливачкиот маратон<br>- Кабинет на претседат. на РМ и<br>- Локална самоуправа |
| 11. | Ден на Охридското Езеро | 21 јуни, Охрид | - Општина Охрид<br>- Општина Струга<br>- Општина Поградец, Р.Албанија |
| 12. | Еко фестивал | 21 јуни, Охрид | - Општина Охрид<br>- МРТ<br>- Минист.за животна средина<br>- Минист.за култура |
| 13. | Формирање на Комитски одред во с.Велгошти | 7 јули | - МЗ с.Велгошти |
| 14. | Прослава на Илинден во село Велгошти<br>Илинденска регата | 2 август | - Општина Охрид и МЗ Велгошти<br><br>- Веслачки клуб „Југ„ |
| 15. | Вечери на Живко Чинго | 13 август | - МЗ с.Велгошти и<br>- Општина Охрид |
| 16. | Ден на граничарите | 15 август, Св.Наум | - АРМ<br>- Сојуз на борци<br>- Локална самоуправа |
| 17. | Ден на АРМ | 18 август, Охрид | - Локална самоуправа<br>- АРМ<br>- Сојуз на борци |
| 18. | Ден на независноста | 8 септември | - Општина Охрид |
| 19. | Ден на востанието и борците во РМ | 11 октомври, Охрид | - Сојуз на борци<br>- Локална самоуправа |
| 20. | 60 години јубилеј од формирање на КУД „Кардашлак„ | 6 ноември | - Општина Охрид |
| 21. | Ослободување на Охрид | 7 ноември, Охрид | - Локална самоуправа<br>- Сојуз на борци |
| 22. | Св.Климент Охридски - Патронат на град Охрид | 8 декември, Охрид | - Локална самоуправа<br>- Гимназија „Св.Климент Охридски„<br>- О.У.„Св.Климент Охридски„<br>- МПЦ |
| 23. | Дочек на Новата 2006 година | 31 декември, Градски плоштад | - Локална самоуправа |

Претставената Програма претставува рамка во која ќе се движат активностите, но со овторена можност за дополнување со нови активности за одбележување на други годишнини, празници и манифестации и доделување на награди и признанија.

**Број 07- 1055/13**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ**
**НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД 6-ТА УРБАНА ЕДИНИЦА,**
**УРБАН МОДУЛ 3 ОХРИД 2004 - 2009**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување на ДУП за дел од 6-та урбана единица, урбан модул 3 Охрид 2004 - 2009, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**03.08.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), а во врска со член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02) и член 42 став 1 точка 1 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД**
**6-ТА УРБАНА ЕДИНИЦА, УРБАН МОДУЛ 3 - ОХРИД 2004 - 2009**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за дел од 6-та урбана единица, урбан модул 3 -Охрид, 2004 - 2009.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа просторот со површина од 2,5ха.

Граници на урбаниот модул се:

- улицата „7/ми Ноември„ и „Марко Несторoски„ - од север;
- улица „Богомилска„ - од исток;
- новопроектирана улица 1 од југ;
- крак на улица „7/ми Ноември„ - од запад.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со технички број 186/2003 изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН - ПУМА Скопје, содржи:

Планиран развој

Текстуален дел

- просторен концепт, билансни показатели и основни параметри за уредување на просторот

Графички прилози

- синтезен приказ
- синтезен приказ - инфраструктурни системи

Документациона основа

Текстуален дел

- анализа на постојна состојба

Графички прилози

- извод од ОУП Охрид
- извод од ДУП на дел од 6-та УЕ
- синтезен план - постојна состојба

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, изготвен според Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02).

**Член 4**

ДУП со сите негови делови се чува и следи во Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој на општина Охрид.

**Член 5**

ДУП се заверува со печат на Советот на општина Охрид и потпис на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/14**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД ПЦГП ОХРИД, УРБАН МОДУЛ 1 2004 - 2014

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување на ДУП за дел од ПЦГП Охрид, урбан модул 1, 2004 - 2014, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/15**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), а во врска со член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02) и член 42 став 1 точка 1 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ПОШИРОКО ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ - ОХРИД, УРБАН МОДУЛ 1, 2004 - 2009

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за дел од пошироко централно градско подрачје - Охрид, урбан модул 1, 2004 - 2009.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа просторот со површина од 1,85ха.

Граници на опфатениот простор се улиците:

- улица „Даме Груев„ - од југ;
- улица „Македонски Просветители„ - од запад;
- улица „Булевар Туристичка„ - од север;
- новопроектирана улица 1 - од исток;

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со технички број 31/2004 изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН - ПУМА Скопје, содржи:

Планиран развој

Текстуален дел

- просторен концепт, билансни показатели и основни параметри за уредување на просторот

Графички прилози

- синтезен приказ
- синтезен приказ - инфраструктурни системи

Документациона основа

Текстуален дел

- анализа на постојна состојба

Графички прилози

- извод од ОУП Охрид
- извод од ДУП на дел од ПЦГП
- синтезен план - постојна состојба

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, изготвен според Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02).

**Член 4**

ДУП со сите негови делови се чува и следи во Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој на општина Охрид.

**Член 5**

ДУП се заверува со печат на Советот на општина Охрид и потпис на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/15**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГУП НА ГРАД ОХРИД ЗА ДЕЛ ОД ЦГП, УРБАН БЛОК ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ ТУРИСТИЧКА, ПАРТИЗАНСКА, МАКЕДОНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ, ЈАНЕ САНДАНСКИ 2004 - 2014**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување на измени и дополнувања на ГУП на град Охрид за дел од ЦГП урбан блок помеѓу улиците Туристичка, Партизанска, Македонски Просветители и Јане Сандански 2004 - 2014, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/16**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), а во врска со член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ОХРИД ЗА ДЕЛ ОД ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, УРБАН БЛОК ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ ТУРИСТИЧКА, ПАРТИЗАНСКА, МАКЕДОНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ, ЈАНЕ САНДАНСКИ 2004 - 2014**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Охрид за дел од Централно градско подрачје, урбан блок помеѓу улиците Туристичка, Партизанска, Македонски Просветители и Јане Сандански 2004 - 2014.

**Член 2**

Со планот од член 1 на оваа одлука се опфаќа простор со површина од 24,60ха.

Граници на опфатот се:

- од североисток осовината на улица „Туристичка„;
- од југоисток осовината на улица „Јане Сандански„;
- од југозапад осовината на улица „Партизанска„;
- од северозапад осовината на улица „Македонски Просветители„.

**Член 3**

Генералниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје - Охрид изменување и дополнување, урбан блок помеѓу улиците Туристичка, Партизанска, Македонски Просветители и Јане Сандански 2004 - 2014 со технички број 1322/2004 изработен од АД за урбанизам, архитектура и инжинеринг „ЗУАС„ - Скопје, содржи:

Планиран развој

Текстуален дел

- планирање на потребите за просторен развој со сите билансни показатели и основни параметри за уредување на просторот

Графички прилози

- синтезен приказ - намена на површини;
- синтезен приказ - сообраќајно и нивеланско решение
- синтезен приказ - хидротехничка инфраструктура и локации на трафостаници

Документациона основа

Текстуален дел

- анализа на состојбата на просторот

Графички прилози

- извод од ОУП на град Охрид, 1985 - 2000
- синтезен приказ - постојна состојба
- синтезен приказ - постојна инфраструктура

**Член 4**

Документацијата од постапката за донесување на ГУП на град Охрид, за дел од Централно градско подрачје, урбан блок помеѓу улиците Туристичка, Партизанска, Македонски Просветители и Јане Сандански 2004 - 2014 се чува и следи во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој на Општина Охрид.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/16**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА 4-ТА УРБАНА ЕДИНИЦА МЗ ВОСКА ДЕЛ ЈУГ ОХРИД 2002 - 2007**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување на ДУП за 4-та урбана единица МЗ Воска дел југ Охрид 2002 - 2007, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/17**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), а во врска со член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02) и член 42 став 1 точка 1 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА 4-ТА УРБАНА ЕДИНИЦА (МЕСНА ЗАЕДНИЦА ВОСКА), ДЕЛ ЈУГ - ОХРИД 2002 - 2007**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за 4-та урбана единица (месна заедница Воска), дел југ -Охрид, 2002 - 2007.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа простор во површина од 9,04ха.
Граници на урбаниот модул се:
- улица „Гоце Делчев„ - од североисток;
- ул.крак на улица „Гоце Делчев„ - од северозапад;
- улица „Васил Стефоски„ - од југозапад;
- улица „Бистрица„ - од југоисток.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со технички број 04/02 изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови - Скопје и „Урбан„ ДОО - Охрид, содржи:

Планирање на просторот
Текстуален дел
- проекција на идниот развој

Графички прилози

- план на просторна разместеност на активностите
- синтезен план - намена на објекти, висински коти
- синтезен план - намена на објекти, котен план
- синтезен план - сообраќајна мрежа и нивелманско решение
- синтезен план - водоснабдување и канализациона мрежа
- синтезен план - улично осветление и телефонска мрежа
- синтезен план - високонапонска и нисконапонска електрична мрежа

Документациона основа

Текстуален дел

- анализа на постојна состојба

Графички прилози

- извод од ОУП Охрид, 2002 - 2012
- состојба на опфатот 2001 - објекти по намена, квалитет и висина

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, изготвен според Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02).

**Член 4**

ДУП со сите негови делови се чува и следи во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој на општина Охрид.

**Член 5**

ДУП се заверува со печат на Советот на општина Охрид и потпис на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/17**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП УРБАН БЛОК 2 ПЕШТАНИ - ОПШТИНА ОХРИД 2004-2009**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување на ДУП урбан блок 2 Пештани - Општина Охрид 2004 - 2009, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/18**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), а во врска со член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02) и член 42 став 1 точка 1 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, УРБАН БЛОК 2 - ПЕШТАНИ, ОПШТИНА ОХРИД, 2004 - 2009**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план, урбан блок 2 - Пештани, Општина Охрид, 2004 - 2009.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа простор во површина од 3,50ха.

Граници на урбаниот блок се:

- Охридско Езеро - од северозапад;
- улица „Ѓорче Палазоски„ - од север;
- планирана сообраќајница - од североисток;
- улица „Насте Бакулески„ и улица „Галичица„ - од југозапад.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со технички број 2041 изработен од „Дизајн центар инжинеринг„ Кавадарци содржи:

Документациона основа

Текстуален дел

- анализа на постојна состојба

Графички прилози

- извод од ОУП за крајбрежен простор 1989 година
- извод од ДУП за село Пештани 1980 (дел)
- извод од измена на дел од ДУП, блок 1,на потегот Охрид-Св.Наум, 1999
- постојна состојба - намена и конструкција
- постојна состојба - електрика, водовод и канализација

Планиран развој

Текстуален дел

- просторен концепт, билансни показатели и основни параметри за уредување на просторот

Графички прилози

- синтезен план - планиран развој 2004 - 2009
- сообраќаен и нивелмански план
- хидротехничка и електроенергетска инфраструктура

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, изготвен според Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.4/96, 28/97, 18/99, 102/00, 53/01 и 2/02).

**Член 4**

ДУП со сите негови делови се чува и следи во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој на општина Охрид.

**Член 5**

ДУП се заверува со печат на Советот на општина Охрид и потпис на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/18**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.07.2005 година.

**Број 08-1055/19**
**03.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителска дејност (*Сл.весник на РМ* бр.62/04), член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 16 од Статутот на општина Охрид , Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.07.2005 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време за 1 час на:

- угостителски објекти за сместување (хотели, мотели, пансиони, туристички населби, ноќевалишта, одморалишта и кампови) можат да работат од 00 часот до 01 часот наредниот ден, а угостителските објекти за исхрана кои се во состав на објектите за сместување по 01 часот можат да даваат само угостителски услуги за брза храна;

- угостителските објекти за исхрана без оглед на видот кои претставуваат една градежна целина лоцирана на граничните премини, аеродроми и железнички станици можат да работат од 00 часот до 01 часот;
- угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги можат да работат од 07 часот до 01 часот;
- угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги во деновите петок и сабота спроти празнични денови и празнични денови како и во периодот од 1 август до 31 август од 07 часот до 02 часот;
- угостителските објекти ноќен бар и кабаре можат да работат од 20 часот до 05 часот во деновите петок и сабота спроти празнични денови и празнични денови како и во периодот од 1 август до 31 август;
- угостителските објекти диско клуб и диско клуб на отворен простор можат да работат од 19 часот до 05 часот наредниот ден, во деновите петок и сабота спроти празнични денови и празнични денови како и во периодот од 1 август до 31 август.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 1055/18**
**29.07.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**